РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-894/5
10-06-2021 г.

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата(ДКСК) на продолжението на 49-та седница одржано на ден 08.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 5483 од 2019 година, оформен по пријава број 12 - 5483/1 од 03.12.2019 година доставена од непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-5483 од 2019 година, во предметниот случај постапува друг надлежен орган .

Предметот со број 12-5483 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5483 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5483/1 од 03.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител - анонимна пријава. Во пријавата се изнесени наводи против лицето ------ ------------ вработен во Министерството за економија на работно место шеф на секторот за --------- и----------, поради основи за сомневање за злоупотреба на неговата службена положба и коруптивни дејствија при давање на дозволи за ископ на ------- за концесиите на сите места на кои се вадело -------- во Македонија и за негово незаконско стекнување со имот.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до надлежни органи и институции за надлежно постапување и доставување на информации и податоци во врска со предметниот случај. По барањето на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај станува збор за наоди против лицето ------- ---------, вработено во Министерството за економија на РСМ на работно место Државен советник за ------- ----------. Предметните наводи за пријавеното лице за засноваат на постоење на основи на сомнение за сторени кривични дела „Злоупотреба на службена положба и овластување„ по член 353, и „Несовесно работење во

службата" по чл.353 -в од КЗ на РСМ и сторени коруптивни дејствија при давање на концесии на сите места на кои се вадело ------- во Македонија, како и за негово незаконско стекнување со имот.

-На ден 24.03.2021 година, по барање на ДКСК доставено е известување од МВР - СВР Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал со кое се известува дека од нивна страна биле извршени проверки во Единицата за криминалистичко разузнавање и анализа при СВР Скопје и Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а по обезбедувањето на документацијата и направениот увид во истата, до ОЈО Скопје било доставено Известување бр.----------- од 01.07.2020 година.

-На ден 09.04.2021 година, по барање на ДКСК доставено е известување од ОЈО Скопје со кое се известува дека до ова Јавно обвинителство од страна на МВР БЈБ СВР Единица за економски и компјутерски криминал доставено било писмено известување бр.---------------- од 01.07.2020 година, против ----- ---------, по што за да можело ова јавно обвинителство да постапува по известувањето и пријавениот кривично - правен настан, била донесена Наредба ------- со конкретни напатствија до МВР БЈБ СВР Единица за економски и компјутерски криминал со цел да се извршат проверки односно да се обезбедат докази од Министерството за економија како за пријавеното лице ----- -------- така и за пријавените кривични дела, а по потреба да се соберат и други известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка и да се преземат други мерки и дејствија, со цел да се обезбедат материјалните докази и да се достави и состави соодветен поднесок, за да ова Јавно обвинителство би можело да донесе соодветна јавнообвинителска одлука.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека по однос на предметните наводи за пријавениот случај се водат постапки пред други надлежни органи - Основно јавно обвинителство Скопје и МВР БЈБ СВР Единица за економски и компјутерски криминал, а пред кои постапките биле во тек и се уште не била донесена конечна јавнообвинителска одлука односно, постапката за конкретниот случај била во фаза на прибирање на материјалните докази потребни за постапување по пријавениот кривично - правен настан. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.,
Одобрил : Г.Т.,член на ДКСК